РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-6182/2
13-09-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 74-та седница, прво продолжение, одржана на 06.09.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 09-6182/1 од 22.06.2022 година против поранешниот директор на СУГС ___________, ____________ **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, бидејќи е настаната промена на фактичка состојба, лицето ______________ не ја извршува повеќе функцијата директор на СУГС ___________ - Скопје.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 04.05.2022 година, доставена е пријава против поранешниот директор на СУГС ____________, ___________, по што оформен е предмет со број 12-4512/1 од 04.05.2022 година во Одделението за спречување на корупцијата. Наводите во предметот се однесуваат на тоа дека наведеното службено лице си ја вработило својата сопруга ______________________ во училиштето каде тој ја извршува функцијата директор и тоа во периодот 2006/2007 година до учебната 2018/2019 година и во учебната 2011/2012 година потпишал Договор за работа на неопределено време за својата сопруга. Во однос на наводите од пријавата, постапувањето по предметот е префрлено во Одделението за спречувањето на судирот на интереси и лобирање по што е оформен предмет со бр. 09-6182/1 од 22.06.2022 година.

Државната комисија направи увид во Дистрибутивниот центар на Централен регистер и утврди дека на 15.04.2019 година лицето ______________ е разрешен од функцијата директор на СУГС ___________ - Скопје.

Поради промена на фактичка состојба, односно лицето Зоран Николовски, не ја извршува повеќе функцијата директор на СУГС ______ - Скопје, Државната комисија не може да спроведе постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 77 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на седница на ДКСК:
Изготвил: Б.Ц-советник
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил: м-р. Ш.С – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk